Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ “ бр.24/08 и 91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.7/2006) Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.10.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на Локална урбанистичка планска документација**

**Член 1**

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамките на новоформираната градежна парцела од КП бр.302 за КО Крива Паланка.

**Член 2**

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со локална урбанистичка планска документација е следната:

-од североисток граничи со КП бр.298 и КП бр.294/1;
-од северозапад граничи со Крива Река;
-од југозапад граничи со К.П. бр.294/3
-од југоисток граничи со ул.„Св.Јоаким Осоговски“.

**Член 3**

Површина на планскиот опфат на градежната парцела: 22.864,оо м2.

**Член 4**

Намена: Основна класа на намена „Б6“ спортски центри, објекти и терени

**Член 5**

Локална урбанистичка планска документација со технички број 85/10 од октомври 2010 година е изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „Простор“ ДОО Куманово, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0006.

**Член 6**

За локалната урабситичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена Стручна ревизија со технички број 364/10/10 од октомври 2010 година од страна на Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „Тајфа-план“ ДОО Скопје со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0018.

**Член 7**

Локалната урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ.
-документациона основа со текстуален и графички приказ.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил, еден примерок задржува барателот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 07-3736/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.10.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација, што Советот ја донесе на свечената седница, одржана на 08.10.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3776/4** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.10.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за одобрување на Локална урбанистичка планска документација 321

2. Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација ........................................ 322

---